Коста АЦИЕВСКИ

# ПЕЛАГОНИЈА ВО ВРЕМЕТО НА САМУИЛ И ГАВРИЛ РАДОМИР

Пелагонија е најголема котлина во Македонија. Припаѓа на сливот на Црна Река. Се протега во правец север—југ во должина од околу 100 км., а во широчина од 10—35 км., со вкупна површина од над 4000 км². Претставува добро затворена географска целина. Од сите страни е заобиколена со високи и тешко проодни планини и тоа: од запад со Баба, Бигла, Древник и Бушова (Крушевска) планина, од север со Даутица, од исток со Бабуна, Селечка планина и Ниџе, а од југ со Нередска планина. Врските на Пелагонија со другите области на Македонија и со светот воопшто се одвивале главно преку неколкуте превои. Ќе ги споменеме најпознатите. На запад се наоѓа превојот Ѓавото на составот на Баба и Бигла, на североисток превоите Плетвар, на составот на Дрен и Козјак и Присад, на северозапад превојот Барбарос, на југозапад Писодерскиот проод на составот на Баба и Нередска планина и на југ познатиот превој Пилит Дервен, на составот на Ниџе и Нередска планина.[1])

Во антиката и во средновековието Пелагониската котлина ја пресекувале бројни комуникации. Меѓу нив, по своето значење треба да се издвои познатата магистрала Виа Егнација, која го поврзувала Јадранското море со Егејското и претставувала најкуса врска на Рим (Италија) со Солун и Цариград. Патот во Пелагонија влегувал кај Ѓавото, се движел по нејзините јужни предели и излегувал кај превојот Килит Дервен.[2])

---

[1]) Сп. М. Панов, Географија на СР Македонија, кн. I, Скопје 1976, 35; Ј. Трифуновски, Битолско—Прилепската котлина. Антропогеографски проучувања, Годишен Зборник на Природно-Математичкиот факултет на Универзитетот во Скопје, кн. 17, Географски Институт, св. 5, Скопје 1969, 62—66; Македонија како природна и економска целина, Скопје 1978, 185. 191, 193 сл., 197 сл.

[2]) Monumenta cartographica Jugoslaviae, I, Beograd 1974, 53; И. Шкриванић, Путеви у средњевековној Србији, Београд 1974, 76—79.

Природно заградена од сите страни со тешкопроодни планини, испресечена со важни комуникации и, што е мошно значајно, погодна за земјоделство и сточарство на околните планини, Пелагонија отсекогаш заземала важно место во историјата на Македонија.

Природните погодности и поволната географска местоположба ѝ одредиле на Пелагонија високо место и во историјата на Самуиловото царство. Заедно со Преспанската и Охридската област Пелагонија, всушност, го сочинувала јадрото на ранофеудалната македонска држава. Местото и значењето на Пелагонија во историјата на Самуиловото царство го одредувале, главно, две компоненти и тоа: 1. Нејзините стопански потенцијали, т.е. нејзиното значење за стопанството на државата, и 2. Нејзиното воено-стратегиско значење, кое произлегувало од географската положба и од бројните комуникации што ја пресекувале.[3])

Овие две компоненти немале секогаш подеднакво значење. Така, во времето на Саумил и неговите исцрпувачки војни со Византија, значењето на плодната пелагониска рамница за стопанството на државата било непроценливо. Подоцна, од почетокот на XI век, кога Василиј II започнал успешна офанзива против македонската држава, сѐ повеќе доаѓало до израз, покрај стопанското и воено-стратегиското значење на Пелагонија. По смртта на Самуил, пак, кога Византијците дошле до границите на Пелагонија и започнале да навлегуваат во неа, Пелагонија во воено-стратегиски поглед добила исклучително значење за сигурноста и опстанокот на државата. Имено, новонастанатата ситуација ѝ ја наложила на Пелагонија улогата на заштитник на приодите кон Преспа и Охрид, главните престолнини на државата, бидејќи патот што водел кон овие области во добар дел минувал низ неа.

Повеќестраното значење на Пелагонија за стопанството, сигурноста и егзистенцијата на Самуиловата држава било согледано уште тогаш. Самуил и неговите наследници воделе посебна грижа за состојбата во Пелагонија. Во два од трите, тогашни, главни центри на Пелагонија, во Битола и Сетина, изградиле свои дворци слични на оние во Преспа и Охрид, и ги претвориле овие градови во свои подвижни престолнини.[4]) Пода-

[3]) За бројните комуникации што ја пресекуваат Пелагониската рамница, кои имале големо значење во нејзината историја, сп. Г. Шкриванић, ц. д. 79—81; Ј. Трифуноски, ц. д. 66, 162—164.

[4]) С. Антолјак, Самуиловата држава, Скопје 1969, 81 (= С. Антолјак, Средновековна Македонија, т, 1, Скопје 1985, 505 сл.). Антолјак, покрај Битола и Сетина, како престолнина го наведува и Прилеп, меѓутоа таквото мислење нема потврда во изворите. Имено, додека за Битола и Сетина има податоци дека таму Самуил и неговите наследници имале свои дворци (Сп. Ioannis Scylitzae sinopsis historiarum. Editio princeps, rec. I. Thurn, Berolini et Novi Eboraci 1973, 351, 3—4; 356, 37), за Прилеп такви податоци нема.

токот дека од четирите познати престолнини на Самуил и на неговите наследници две се наоѓале во Пелагонија, говори за високото место и големото значење што го имала Пелагонија во Самуиловото царство.

За историјата на Пелагонија во времето на Самуил (976—1014), кога македонската средновековна држава го достигнала својот најголем дострел[5]), во изворите нема директни податоци. Главните настани во долгата војна на Самуил со Византија во првиот период од неговото 38 годишно владеење, до 1000-та година, се одвивале во периферните области на државата, далеку од Пелагонија. Според тоа разбирливо е што таа не нашла место во современите извори.[6]) Меѓутоа, во почетокот на XI век (од 1001—1004 год.), византискиот цар Василиј II (976—1025) презел широка офанзива против Самуиловата држава. Нејзините територии биле значително намалени, а војната се доближила и до централните делови на државата.

Имено, Василиј II во 1000/1001 год.[7]) ги освоил најнапред јужномакедонските тврдини Бер и Сервија[8]), а потоа и тврди-

[5]) За границата на Самуиловата држава кон крајот на X век, кога таа го достигнала своето најголемо територијално раширување, сп. Историја на македонскиот народ, кн. прва, Скопје 1969, 129; С. Антолјак, ц. д. 72 (=Сред. Мак. 1, 479).

[6]) Навистина Јахја Антиохиски известува за еден поход на магистерот Никифор Уран против Самуиловата држава, по прогласувањето на Саумил за цар. Притоа, Уран навлегол длабоко („во средината") на македонската држава, без да наиде на некакво спротивставување, и по тримесечно палење и пустошење се вратил во Цариград. Сп. В. Р. Розен, Император Василий Болгаробойца, Извлечения из летописи Яхъи Антиохийского, Сенктпетербург 1883 (=Variorum Reprints, London 1972) 34, 21—26. Јахја е единствен извор за овој поход на Никифор Уран, кој бил преземен ок. 1000/1001 година. Заради тоа мошне тешко е да се каже нешто повеќе за него, по прецизно да се одреди правецот на Урановото навлегување и териториите што биле изложени на неговото пустошање. Сепак, со голема веројатност може да се претпостави дека централните делови на државата, во кои спаѓала и Пелагонија, не биле опфатени со овој напад, зошто во спротивно тоа сигурно не би останало незабележано од византиските извори. Освен тоа Пелагонија е прилично одалечена од Солун, од каде што најверојатно бил преземен нападот, па затоа тешко може да се претпостави дека Уран три месеци непречено палел и пустошел толку далеку од својата база во Солун. Всушност, и Василиј II прв пат навлегол во Пелагонија дури по смртта на Самуил. Од овој напад на Уран, по се изгледа, биле засегнати задграничните територии на Самуиловата држава, не толку длабоко во внатрешноста, и притоа не била освоена ниедна тврдина. За македонско-византиската војна до 1000-та година сп. С. Антолјак, ц. д. 32—36, 41—45 (=Сред. Мак. 1, 367—179, 397—431); Историја I, 120—124; Б. Прокић, Јован Скилица као извор за историју маћедонске словенске државе, Глас СКА, 84, Београд 1910, 91—110; F. Rački, Borba Južnih Slovena za državnu neodvisnost, Beograd 1931, 31—44.

[7]) За хронологијата сп. Византијски извори за историју народа Југославије, том III, Београд 1966, 97, бел. 68.

[8]) I. Scylitzae, 344, 89—7. Подетално за овие настани в. С. Антолјак, ц. д. 61—63 (=Сред. Мак. 1, 447—451).

ната Воден, која претставувала важно упориште на патот Виа Егнација.[9]) Со освојувањето на Воден Византијците опасно се приближиле до централните области на Самуиловото царство, во прв ред до Пелагонија. Од Воден византиската војска можела брзо и лесно да навлезе во Пелагонија и тоа по Виа Егнација од југ, а потоа кон Битола, или пак кон Северна Пелагонија по патот што водел преку Сетина и Брод на север кон Прилеп.[9a]) Меѓутоа, Василиј II сеуште не се осмелувал да навлезе толку длабоко во Самуиловото царство, туку продолжил со освојување на неговите периферни делови, стегајќи го постепено обрачот околу неговите централни делови.

За времето на оваа офанзива од 1001—1004 година, меѓу другите,[10]) Византијците во 1004 година го освоиле Скопје, откако претходно во близината на овој град ја поразиле војската на Самуил, речиси на наполно идентичен начин како на р. Сперхеј пред десетина години.[11]) Со паѓањето на Скопје, а една година подоцна и на Драч (1005),[12]) сè повеќе се стегал обрачот околу јадрото на Самуиловата држава. Централните делови на државата не биле веќе така далеку од византиските напади како порано. Византијците од југ и од север дошле речиси до самите граници на Пелагонија.

За натамошниот тек на византиско-македонската војна од 1004 до 1014 година не може ништо сигурно да се каже, бидеј-

---

[9]) I. Scylitzae, 345, 20—26.

[9a]) За овој пат в. Ј. Трифуновски, ц. д. 164.

[10]) За време на оваа офанзива Византијците најпрвин се упатиле на север против Видин и по осуммесечна опсада успеале да го освојат овој град (1002 год.). Потоа се вратиле назад во Цариград и притоа ги опустошиле и разурнале сите тврдини по патот. Сп. С. Антолјак, ц. д. 63 сл. (= Сред. Мак. 1, 451 сл.).

[11]( I. Scylitzae, 346, 56—69. С. Антолјак, ц. д. 64 (=Сред. Мак. 1,452 сл.); В. Златарски, История на Българската държава през средните векове, том I, част 2, София 1971, 684 сл.; S. Runciman, A History of the First Bulgarian Enpire, London 1930, 237; F. Rački, ц. д. 46, го нарекува Скопје „glavni grad zemlje", што е секако без основа.

[12]) Во врска со годината на повторното паѓање на Драч под власта на Византија изворите не се конкретни. Единствено Лупус Протоспатариус, од јужноиталијанскиот град Бари, известува дека тоа се случило во 1005 година. Сп. Виз. изв. III, 94, бел. 64; Прокић, Јован Скилица, 117. Известувањето на Лупус Протоспатариус во науката е прифатено како најверодостојно (сп. Г. Острогорски, Историја Византије, Београд 1959, 294; Ј. Фергула, Драч и Драчка област пред крај X и почетком XI века, Зборник Радова Византолошког Института, VIII/2, Београд 1964, 122; В. Златарски, ц. д. 689; Б. Прокић, Јован Скилица, 117 сл.; S. Runciman,, ц. д. 239; Историја Црне Горе, књ. прва, Титоград 1967, 384; Histori e Shqipërisë, I, Tiranë 1959, 164; Историја српског народа, I, Београд 1981, 170), меѓутоа има и поинакви мислења. Сп. Виз. изв. III, 94 сл., бел. 64; С. Антолјак, ц. д. 52 сл. (= Сред. Мак. 1, 427 сл.).

ки за тоа во изворите нема речиси никакви податоци.[13]) Единствено сигурно се знае дека Византијците ја продолжиле офанзивата започната уште во 1000/1001 година. Имено, Јован Скилица, главен извор за историјата на Самуиловата држава, известува дека Василиј II навлегувал секоја година во македонската држава и ги пустошел нејзините територии, но притоа не дава никакви податоци за нови освојувања.[13а])

---

13) Всушност за овој период има две доста несигурни известувања. Најнапред, ерменскиот историчар Матија Едески кратко забележал дека Василиј II во ерменската година 455 (март 1006—март 1007 год.) презел воен поход против Самуил. Сп. Виз. изв. III, 104, бел. 89; Б. Прокић, Јован Скилица, 111 сл. С. Антолјак, ц. д. 66 (= Сред. Мак. 1, 461) смета дека ова известување „мора да се прими како вистинито и точно", иако не е потврдено од други извори. Ваквото свое мислење тој го поткрепува единствено со известувањето на Скилица дека Василиј II, по 1002 година, секоја година навлегувал во Самуиловата држава и пустошел сè пред себе. Наспроти тоа, В. Златарски, ц. д. 689, бел. 48, изгледа со право се однесува резервирано кон ова известување на Матија Едиски.

Второто известување се наоѓа во Житието на св. Никон Метаноит, напишано кон половината на XII век од непознат монах. Житието не е сочувано во оригинал. Постојат подоцнешни преписи на грчки и на латински јазик, кои се разликуваат меѓу себе (Сп. Виз. изв. III, 35—36, бел. 5). Така, додека во грчкиот текст се говори општо за пораз на Самуил од Василиј II (сп. сп. Sp. Lampros, Ὁ βίος Νίκωνος τοῦ Μετανοεῖτε, Νέος Ἑλληνομνήμων, 3 (1906), 177, 26—30), во латинскиот превод од XVI век се говори конкретно за победа на Василиј II во 1009 година над Самуиловата војска кај Creta (сп. Veterum scriptorum et monumentorum historio rum, dogmaticorum, moralium amplissima collectio, t .VI, Edm. Martène et Ursinus Durand, Paris 1729, 51, col. 868—869. — Заради недостапност на оригиналот, цитирано според В. Златарски, ц. д. 814). Лоцирањето на овој топоним им задавало големи тешкотии на научниците. За тоа сп. Виз. изв. III, 39, бел. 21 и таму наведената литература по тоа прашање. С. Антолјак не се согласил со ниедно од досега предложените лоцирања на топонимот. Настојувајќи да даде свој придонес во разрешувањето на оваа топономастичка загатка тој дошол до заклучок дека всушност, станува збор за островот Крит во Средоземното море. Имено, тој смета дека Самуил со помош на Арабјаните, кои со бродови ја пренеле неговата војска, презел „диверзија на Крит, која завршила со тотален неуспех". Сп. С. Антолјак, ц. д. 67 сл., 158, бел. 658 (= Сред. Мак., 1, 462—465, бел. 658). Сметаме дека во една ситуација кога Василиј II полека го стегал обрачот околу Самуиловото царство, тешко може да стане збор за некаков, контранапад на Самуил дури на Крит. Навистина, познато е дека Самуил практикувал со ненадејни и брзи напади да го одвлече вниманието на Византијците, кои ги напаѓале неговите територии, како што бил случајот со нападот на Адријанопол за време на опсадата на Видин (сп. I. Scylitzae, 346, 44—53). Меѓутоа, навистина тешко може да се разбере преземање на толку далечен и ризичен поход во времето кога Византијците се во Скопје, Драч и Воден. Заради тоа сметаме дека овој топоним, всушност, треба да се бара во поширокатa зона на воените судири, можеби источно од Солун, како што смета Златарски (В. Златарски, ц. д. 690, 815 сл.). Ваквата своја претпоставка тој ја засновува на известувањето на Јован Кантакузен, кој во својот историски труд двапати споменува село со такво име источно од Солун (сп. Ioannis Cantacuzeni eximperatoris historiarum libri IV, cura L. Schopeni, vol. I, Bonnae 1828, 455, 3—10; vol. II, Bonnae 1831, 79, 9—13).

13а) I. Scylitzae, 348, 9—10.

Пелагонија во овој период сеуште не била директно изложена на нападите на византиската војска. Имено, како што известува споменатиот Скилица, Василиј II обично навлегувал преку т.н. Κίμβα Λόγγου или Κίαβα Λόγγου[14] според најновото издание на Скилица, и Κλειδίον[14a]). Споменатите топоними во науката се различно убицирани.[15]) Но, без разлика дали тие го означувале Петричкото поле и клисурата кај с. Кључ северно од Беласица, или пак долгото Серско поле и Рупелската клисура на р. Струма, нивната оддалеченост од Пелагонија дава за право да претпоставиме дека таа во овој период сеуште била поштедена од директните напади на византиската војска.

Обидот на Самуил да ги запре постојаните навлегувања на Византијците со заградување на теснецот, завршил без успех. Во битката кај Беласица, што се одиграла на 29 јули 1014 година, како што е познато, Самуиловата војска претрпела катастрофален пораз. Голем број од војниците загинале, најголем дел биле заробени, а Самуила го спасил неговиот син Гаврил Радомир, кој го качил на коњот и го одвел во тврдината Прилеп.[16]) По нешто повеќе од два месеци, на 6 октомври 1014 година Самуил умрел од срцев удар кога ги видел своите унакажани војници, што му ги испратил Василиј II. Тоа се случило, најверојатно, во Преспа, како што известува византискиот историчар Михајло Аталијат (... ’εν τῷ λιμνίᾳ νήσῳ τῆς Πρέσπας).[17]

Наспроти известувањето на Аталијат, во нашата историографија е општоприфатено мислењето, засновано на пишува-

---

14) За разните варијанти на топонимот сп. I. Scylitzae, 348, n. 15.

14a) Ibid., 384, 14—17.

15) Сп. Виз. изв. III, 105 сл., бел. 91 таму наведената литература во врска со нивното убицирање; Т. Томоски, Белешки за некои месности во Македонија во почетокот на XI век, Историја, VI/2 (1970), 172—177; Б. Панов, Струмичката област во времето на Самуил, Илјада години од востанието на комитопулите и создавањето на Самуиловата држава, Скопје 1971, 159—163 (= Б. Панов, Средновековна Македонија, том трети, Скопје 1985, 441—445).

16) I. Scylitzae, 348, 17—349, 35. За оваа пресудна битка во македонско-византиската војна подетално в. Й. Иванов, Беласицката битка през 29 юли 1014 година, Известия на Историческото дружество, 3 (1911), София 1911, 1—15; С. Антолјак, ц. д. 68 сл. (= Сред. Мак. 1, 466—470; Историја I, 128 сл.

16a) I. Scylitzae, 349, 35—44; B. Prokić, Die Zusätze in der Handschrift des Johannes Scylitzes Codex Vindobonensis hist. graec. LXXIV, München 1906, No. 21 i p. 23.

17) Michaelis Attaliotae Historia, ed. I. Bekkeri, Bonnae 1853, 230, 16—28. Сп. G. Schlumberger, L'èpopée byzantine à la fin du X^e siècle, II, Paris 1900, 338, бел. 5; Й. Иванов, Цар Самуловата столица въ Преспа, Известия на Българското Археолошко Дружество, I, София 1910, 75; S. Runciman, ц. д. 242; В. Златарски, ц. д. 701 сл.

њето на Скилица, дека Самуил умрел во Прилеп.[17a]) Меѓутоа, се чини дека ваквото мислење нема доволно аргументи, зошто Скилица, всушност, воопшто не кажува каде умрел Самуил.

Имено, откако известува за бегството на Самуил во Прилеп по поразот кај Беласица, Скилица говори за ослепувањето на заробените војници, за нивното испраќање кај Самуил, и на крајот мошне детално ја опишува неговата смрт.[18]) Според тоа, Скилица не само што не наведува каде умрел Самуил, туку не кажува и кога се случило тоа. Меѓутоа, од ваквото негово изложување на настаните изгледа како тие да се случувале последователно и брзо еден по друг, па затоа и *се добива впечаток* (подвлекол К.А.) дека Самуил сеуште се наоѓал во Прилеп, кога кај него дошле ослепените војници. Притоа, се губи од предвид фактот дека помеѓу овие два настани, бегството на Самуил во Прилеп и неговата смрт, поминале, всушност, повеќе од два месеци (29. VII. — 6. X.). Малку, веројатно е дека Самуил сето тоа време престојувал во Прилеп. За толку долгиот престој во оваа тврдина, сметаме, македонскиот владетел немал права причина. Во прилог на ваквата наша претпоставка оди и развојот на настаните во византиско-македонската војна. Имено, набрзо по Беласичката битка била запрена византиската офанзива. Најголема заслуга за тоа имал Гаврил Радомир, кој успеал катастрофално да ја порази византиската војска, предводена од солунскиот дукс Теофилакт Вотанијат, кој загинал во битката.[18a]) Разочаран од тешкиот пораз и загинувањето на истакнатиот војсководач, Василиј II ги прекинал воените операции во Струмичката котлина и се повлекол на исток кон Мелник, а по неговото освојување, во својата база во Мосинопол.[19])

Победата на Гаврил Радомир и повлекувањето на византискиот цар кон исток ја измениле состојбата во војната и придонеле, во голема мерка, да се поправи тешката положба во која се нашла македонската држава по катастрофата кај Беласица. Сметаме дека менувањето на состојбите во војната најверојатно влијаело и врз натамошниот престој на Самуил во Прилеп. Имено, ако во периодот непосредно по Беласичката битка било можеби навистина неопходно Самуил да престојува во Прилеп, за да биде поблизу до позорницата на воените судири

17a) Сп. Г. Острогорски, Историја Византије, Београд 1959, 295; С. Антолјак, ц. д. 70 (= Сред. Мак. 1, 473); Б. Панов, Струмичката област, 167 (= Сред. Мак. 3, 425 сл.); Т. Томоски, Прилеп во Самуиловото време и во времето на македонските востанија, Прилеп и Прилепско низ историјата, книга прва, Прилеп 1971, 77; F. Rački, ц. д. 52 сл.; Д. Ташковски, Самуиловото царство, Скопје 1970, 194.

18) I. Scylitzae, 349, 35—44.

18a) Ibid., 350, 72 — 351, 81.

19) I. Scylitzae, 351, 81—94.

и безбедно да го следи развојот на настаните во војната, тогаш, по повлекувањето на Василиј II кон исток таквата неопходност била елиминирана, односно, повеќе не постоела вистинска причина за натамошниот престој на Самуил во оваа тврдина. Затоа сметаме дека тој, најверојатно заминал од Прилеп набрзо по добивањето на веста за повлекувањето на византискиот император кон исток.

Според тоа, произлегува дека известувањето на Аталијат за смртта на Саумил, иако не е така детално како кај Скилица, заслужува поголемо внимание отколку што му се придаваше досега, зошто тој единствен од изворите го наведува местото каде што се одиграл последниот чин од животната драма на царот Самуил и нема причина да не му се верува.

По смртта на Самуил власта во државата ја презел неговиот син Гаврил Радомир (1014—1015). Тој бил, како што известува Скилица, посилен од татко му, но помалку мудар од него.[19a]) Гаврил Радомир рано земал учество во војната што ја водел неговиот татко со Византија и учествувал во неколку значајни битки. Меѓу другото, учествувал во познатата битка на р. Сперхеј, каде што бил ранет, но успеал да се спаси, а исто така да го спаси и таткаси.[20]) Потоа, видовме, учествувал во битката кај Беласица, каде што исто така го спасил Самуила и го однесол во Прилеп. Потоа пак се вратил на бојното поле и во битката со Византијците го убил солунскиот дукс Теофилакт Вотанијат.[21])

---

19a) Ibid, 349, 46—49.

20) Ibid., 341, 35—342, 47. Со битката кај Сперхеј и катастрофалниот пораз на Самуиловата војска биле запрени продорите на Самуил во Средна и Јужна Грција. Во историографијата се прават обиди да се ублажат и намалат последиците од овој пораз за Самуил. Така, В. Златарски смета дека поразот кај Сперхеј немал и неможел да има решавачко значење во долгогодишната борба на Самуил со Византија (сп. В. Златарски, ц. д. 663). Исто така и С. Антолјак, поаѓајќи од фактот дека набрзо потоа се прогласил за цар, дошол до заклучок дека со катастрофата кај Сперхеј Самуил не изгубил речиси ништо од своите поранешни територии, односно со овој пораз изгубил многу малку (С. Антолјак, ц. д. 50 сл. (= Сред. Мак. 1, 421). Навистина, Самуил не изгубил ништо што било директна, непосредна, последица од поразот. Меѓутоа, пошироко гледано со овој пораз Самуил всушност изгубил многу, бидејќи тој претставувал пресвртница во војната со Византија. Со оваа битка, всушност, завршил периодот на успешно војување на Самуил со Византија и започнал период на успешна византиска офанзива. Самуил бил принуден да се повлече во дефанзива и никогаш повеќе не успеал да извојува некоја позначајна победа против Византија.

21) I. Scylitzae, 350, 68—351, 81; В. Prokić, Die Zusätze, No. 25. За битката, која, по се изгледа, се одиграла во клисурите југозападно од Струмица, на патот што водел кон Валандово и Дојран, сп. С. Антолјак, ц. д. 91 сл. (= Сред. Мак. 1537 сл.); Б. Панов, Струмичката област, 165—167 (= Сред. Мак. 3, 449—451).

Гаврил Радомир, по сè изгледа, имал мошне важна улога во Самуиловата држава. Со својата сила и храброст му бил десна рака на Самуил, најцврст ослонец на неговата власт во земјата, а особено во неговата долга и исцрпувачка војна со Византија. Според еден подоцнежен извор, Јован Ставракиј од XIII век, Гаврил Радомир бил втор по ранг во државата, веднаш зад Самуил.[22]) Врз основа на тоа со право се претпоставува дека Гаврил Радомир бил всушност совладар на Самуил[23]). За совладар тој можел да биде прогласен или во времето кога и Самуил бил прогласен и крунисан за цар, т.е. кон крајот на X век, или пак набрзо потоа[24]). Како совладар тој секако добил на управување одредени територии во државата. Ако се знае дека уште додека бил жив Самуил тој имал свои дворци во Битола, кои Василиј II ги запалил есента 1014 год.,[25]) тогаш може со голема веројатност да се претпостави дека како совладар на Самуил Гаврил Радомир ги добил на управување јужните делови на Пелагонија со седиште во Битола, а исто така и териториите појужно, околу Островското и Петерското езеро. Имено, познато е дека тој најчесто боравел во овие предели, и таму подоцна и ќе биде убиен.

По освојувањето на Воден од страна на Василиј II (1001 година), Самуил презел неопходни мерки за заштита на јужните приоди кон македонската држава. Тоа се однесувало пред сè на патот Виа Егнација, кој водел директно во централните делови на државата. Одбраната на јужните граници, мошне важни поради близината на Солун, му била, по сè изгледа, доверена на вториот човек во државата, неговиот храбар и воинствен син, кој непосредно пред тоа бил прогласен за негов совладар. Ако Василиј II обично навлегувал во државата, како што видовме, преку Кимба (Киава, Кјава) Лонгу и Клидион, тоа индиректно може да значи дека Гаврил Радомир успешно ја обавувал задачата што му била доверена и не им дозволувал на Византијците да навлезат од југ по Виа Егнација.

Меѓутоа, по катастрофата на Самуил кај Беласица и по неговата смрт, кога започнала агонијата на македонската држава, состојбата целосно се изменила. Византијците започнале најнепосредно да ги загрозуваат и напаѓаат централните области на државата. Нападите главно доаѓале од Солун, пре-

---

[22] Ιω. Ιβηρίτης, Ιωάννου Σταυρακίου λόγος εἰς τὰ θαύματα τοῦ Ἁγίου Δημητρίου, Μακεδονικά I (1940), 360, II-16.

[23]) Виз. изв. III, 47, бел. 14; С. Антолјак, ц. д. 81 (= Сред. Мак. 1, 505).

[24]) За прогласувањето и крунисувањето на Самуил за цар подетално в. С. Антолјак, ц. д. 55—59 (= Сред. Мак. 1, 432—443) и таму наведената литература.

[25]) Сп. подолу с. 541.

ку Воден по Виа Егнација, кој водел право во срцето на Самуиловото царство.

Кога разбрал за смртта на својат лут непријател, Василиј II се обидел да ја искористи новонастанатата ситуација и со брз напад да го изненади новиот владетел на македонската држава. Од Мосинопол, каде што ја примил веста за смртта на Самуил, се упатил кон Солун а оттаму, како што известува Скилица, во Пелагонија и притоа за побрзо да се движи по пат не пустошел и не се задржувал.[26]) Главна цел на овој ненадеен и брз византиски напад бил градот Битола, резиденција на Гаврил Радомир и важно упориште на Виа Егнација, кое го штителo приодот кон Преспа и Охрид. Но, и покрај сите настојувања Василиј II не успеал да го освои градот. Ги запалил единствено дворците на Гаврил Радомир.[27]) Уште додека се движел со брз марш кон Битола, византискиот цар одвоил дел од војската и го испратил, по патот што водел преку Сетина, Брод и западните падини на Селечка планина, во северните делови на Пелагонија. Оваа византиска војска успеала да ги освои тврдините Прилеп и Стипион.[28])

Прилеп претставувал важно упориште во Северна Пелагонија. Го контролирал патот што водел преку Плетвар во Повардарјето, потоа комуникацијата што врвела преку Присадската преседлина за Велес, а исто така и онаа што врвела преку превојот Барбарос на северозапад кон Порече.[29])

Тврдината Стипон не се наоѓала во Пелагонија и најчесто, заради неверојатната сличност на имињата, се поистоветува со градот Штип на р. Брегалница. Затоа во историографијата обично се смета дека при овој поход Византијаците ги освоиле тврдините Прилеп и Штип.[30]) Меѓутоа, Штип е прилично оддалечен од Пелагонија и за да се стигне до него требало

---

[26]) I. Scylitzae, 351, 94—2.

[27]) Ibid., 351, 2—4. Дворците секако биле направени од дрвен материјал, па затоа лесно можеле да се запалат и однадвор, без да биде освоен градот.

[28]) I. Scylitzae, 351, 4—5.

[29]) Прилеп и Прилепско низ историјата, книга прва, Прилеп 1971, 75 сл.

[30]) С. Антолјак, ц. д. 83 (= Сред. Мак. 1, 541); Историја I, 137; Виз. изв. III, 112. бел. 111; Т. Томоски, Средновековни градови во Македонија меѓу реките Вардар, Брегалница и Лаковица, Годишен Зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, т. 4 (30), Скопје 1978, 279; Б. Панов, Штип и Брегалничката област во средниот век (VI—крајот на XII век), Годишен Зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, т. 8 (34), Скопје 1982, 67; В. Златарски, ц. д. 706; История на България, том II. Първа българска държава, София 1981, 416; П. Завоев, Град Щип. Минало и просвета до революционните борби, Македонски Преглед, г. III, кн. 3, София 1927, 38; F. Rački, ц. д. 56; Б. Прокиќ, Јован Скилица, 124; Д. Ташковски, Самоиловото царство, Скопје 1970, 97.

да се помине долг пат низ териториите што ги држел непријателот. Покрај тоа целта на нападот, како што видовме, била да се изненади непријателот во Пелагонија. Според тоа тешко може да се најде вистинска причина за испраќање војска од Пелагонија против Штип. Затоа сметаме дека тврдината Стипион треба да се бара поблиску до Пелагонија и до Прилеп.[30a])

Откако не успеал да ја освои Битола Василиј II, известува Скилица, стигнал до Црна Река, ја поминал на сплавови и надуени мевови и пристигнал во Воден, а оттаму на 9. I. 1015 година во Солун.[31])

Ако подетално го анализираме ова известување на Скилица ќе видиме дека тоа индиректно говори за престој на византискиот цар во областите што се протегале од другата, левата, страна на р. Црна, односно дека по неуспешниот напад на Битола, Василиј II ја поминал источно или североисточно од Битола р. Црна и извесно време престојувал во Средна, а можеби и Северна Пелагонија. Имено, од конфигурацијата на земјиштето, односно од поставеноста на патот од Битола кон Воден и Црна Река јасно е дека тие никаде не се сечат.[32]) Според тоа произлегува дека: 1. Василиј II на враќање во еден дел ја изменил маршутата и не се вратил по истиот пат по кој отишол до Битола, и 2. За да се врати од Битола за Воден преку Црна Река византискиот цар морал претходно посеверно да ја мине раката, за да може потоа повторно да ја мине појужно, најверојатно кај с. Брод и да се упати кон Воден. Тоа значи дека на враќање византискиот цар на двапати ја поминал реката Црна, меѓутоа првото поминување Скилица не го забележал.

Престојот на Василиј II во овие предели на Пелагонија сигурно бил во врска со византиската војска што била претходно испратена да ги освои Прилеп и Стипион. Византискиот цар, по сè изгледа, сакал да биде поблиску до овие свои одреди, ако евентуално им затреба неговата помош, па затоа од Битола преку р. Црна се упатил во Северна, односно Средна Пелагонија. Кога разбрал дека походот на византиската војска е успешно завршен и овие тврдини се освоени, можел мирно да се врати во Воден, а потоа во Солун.

---

30a) По прашањето на погрешното идентификување во Стипион со Штип, во науката, со анализа на другите споменувања на топонимот во изворите, подетално види во Годишниот Зборник на Филозофскиот факултет во Скопје. за 1986,

31) I. Scylitzae, 351, 5—8.

32) Т. Томоски единствен забележал дека маршрутата што ја дава Скилица за враќањето на византискиот цар од Битола кон Воден е неточна, бидејќи патот и реката никаде не се сечат (Т. Томоски, Градиштето на средновековна Пелагонија, Жива Антика, год. XVII, Скопје 1967, 246, бел. 28.

Ова прво византиско навлегување во Пелагонија завршило со половичен успех, бидејќи главната цел, освојувањето на Битола, не била постигната. Меѓутоа, Византијците сепак не можеле да бидат незадоволни, бидејќи го освоиле вториот по значење центар на Пелагонија, тврдината Прилеп и на тој начин ја пресекле главната комуникација која ја поврзувала Пелагонија со Повардарјето. Покрај тоа биле значително отежнати и врските на Струмичката област, која им пружила силен отпор на Византијците, и на другите североисточни области со централните делови на државата.

Набрзо по повлекувањето на Василиј II во Солун, жителите на Воден кренале бунт против византиската власт (поч. на 1015 год.). Заради тоа византискиот цар во почетокот на пролетта го опсадил градот и ги принудил неговите жители да се предадат (9. 4. 1015 год.). За да ја обезбеди поцврсто византиската власт во овие краеви, а особено позадината на Воден, во клисурата северозападно од Воден кон Острово, наредил да се подигнат две тврдини, Кардија и Свети Илија, а потоа се вратил во Солун.[33]) Додека боравел во Солун Василиј II примил писмо од Гаврил Радомир во кое тој му ветувал дека ќе му се потчини.[34])

Причините што го натерале македонскиот владетел да понуди мир секако биле од внатрешен карактер и произлегувале од несредената внатрешна состојба во државата, чиј краен епилог ќе биде убиството на Гаврил Радомир, нешто подоцна. Византискиот цар не го прифатил понудениот мир. Како единствена причина за тоа Скилица го наведува сомнението што се јавило кај него во врска со писмото, т.е. со искрените намери на Гаврил Радомир. Меѓутоа, јасно е дека Василиј II се наоѓал со многу поповолна положба и немал потреба од мир, зошто тој повеќе би му одговарал на неговиот противник. Понудата за мир ја покажувала всушност слабоста на неговиот противник, како што исправно заклучил Ј. Ферлуга,[34a]) а исто така и неповолната внатрешна ситуација во која се наоѓал македонскиот владетел. Затоа, Византискиот цар не само што не го прифатил понудениот мир, туку напротив, веднаш започнал нови воени акции против македонската држава, со цел да освои нови територии.

Во таа смисла, веднаш испратил војска со Мегленската област на чело со патрициј Никифор Ксифиј и солунскиот стра-

---

33) I. Scylitzae, 352, 9—21; B. Prokić, Zusätze, No. 26. С. Антољак, ц. д. 93 (= Сред. Мак. 1, 542) смета дека бунтот во Воден го организирал Гаврил Радомир, што не може да се заклучи од изворите. Може единствено, со голема веројатност, да се претпостави дека неуспешниот византиски напад на Битола го поттикнал населението на Воден да крене бунт и да му откаже послушност на византискиот цар.

34) I. Scylitzae, 352, 22—23.

34a) Виз. изв. III, 113 сл. 118.

тег Константин Диоген. Главната тврдина во областа, градот Меглен, под заповедништво на архонтот Илица пружал силен отпор и дури кога дошол лично Василиј II градот се предал. Веднаш потоа Византијците ја освоиле и тврдината Енотија, близу до Меглен.[35])

Со освојувањето на Мегленската област продолжило стегањето на обрачот околу централните делови на македонската држава. Во исто време овие нови византиски освојувања уште повеќе ја зацврстиле византиската власт во Воден и околните области. Имено, како што е познато, Мегленската област се наоѓа северно од Воден и како таква претставувала постојана опасност за сигурноста на овој, стратешки, мошне значаен град, кој служел како отскочна штица за натамошните византиски напади против македонската држава.

По смртта на Самуил внатрешната ситуација во државата сè повеќе се влошувала, бидејќи покрај Гаврил Радомир на престолот претендирал и неговиот братучед Јован Владислав. Како син на Арон, постариот брат на Самуил, сметал дека има повеќе право на престолот. Во борбата за власт Јован Владислав, по сè изгледа, се осланил на Византија. На ваков заклучок нè наведува развојот на настаните, а исто така и известувањето на Поп Дукљанин за врските на Јован Владислав со Василиј II, кој го наговарал да го ликвидира својот братучед.[36])

Оваа „тивка" војна за власт ја разјадувала државата и во голема мерка го отежнувала владеењето на Гаврид Радомир. Иако познат како храбар и искусен воин, Гаврил Радомир не успеал посериозно да ги загрози Византијците и бил принуден на стална дефанзива, немоќен да го спречи систематското освојување на териториите на неговата држава од страна на Византијците. Навистина, Поп Дукљанин известува дека Гаврил Радомир „му грабнал на Василиј земја до Цариград",[37]). Меѓутоа, ако се земе предвид развојот на настаните во византиско-македонската војна во времето на Гаврил Радомир, јасно е дека ова известување е претерано и далеку од вистината. Затоа сметаме дека тоа треба да се прими со голема резерва, без да му се придава поголемо значење.[38])

Несредената внатрешна состојба во државата била крунисана со убиството на Гаврил Радомир. Имено, како што известува Скилица, петтиот ден, најверојатно по освојувањето

---

35) I. Scylitzae, 352, 23—38.

36) Ljetopis popa Dukljanina, Zagreb 1950, 81.

37) Ibid., 81.

38) С. Антолјак, ц. д. 94 (= Сред. Мак. 1, 543 сл.) без коментар го прифаќа ова известување на Поп Дукљанин, а В. Златарски, ц. д. 710, бел. 23 го разбира известувањето во смисла на тоа дека Гаврил Радомир земал учество во сите походи на Самуил, односно учествувал во сите негови освојувања уште од самиот почеток.

на Меглен, како што е обично прифатено во науката,[39]) а можеби и на Енотија, уште додека се наоѓал во Megленската област, Василиј II примил писмо од Јован Владислав во кое тој го известил дека го убил Гаврил Радомир, ја зел власта во земјата и му ветувал покорност. Убиството било извршено кон крајот на летото 1015 година (крај на август — почеток на септември) во местото Петриско, на југозападниот брег на истоименото езеро. На тој начин било насилно прекинато владеењето на Гаврил Радомир кое не траело ни цела година.[40])

Kosta ADŽIEVSKI

## PELAGONIA DURING SAMUIL AND GAVRIL RADOMIR

Summary

Pelagonia took a very important place in the history of the Macedonian medieval state. Together with the Ohrid and Prespa's county it contained the core of Samuil's kingdom. For its significance for the state states the fact that from four wellknovem seats of Samuil's and his followers two of them were situated in Pelagonia: Bitola and Setina, where Samuil and his inheritors had their own courts.

During the long time and exausting war of Samuil and Byzantium the fertile Pelagonian plain was very important for the economy of the state. After Samuil's death when the Byzantians came to the Pelagonian broders and began entering in it, besides the economic, the military and strategic significance of Pelagonia came to an expression, which now got a role of a protector of the access roads to Prespa and Ohrid, the main seats of the state.

During the time of Gavril Radomir which as a co-ruler of Samuil used to reign with the south parts of Pelagonia while his father was alive. The Buzantians took the first direct attack to Pelagonia. The autumn of 1014 led by Vasilij II the Byzantian army entered Pelagonia, but their attack on Bitola failed, but the Prilep fortress in South—east Pelagonia was conquered. By Prilep's conquer the main communication were interrupted that connected Pelagonia with Povardarie (the region along the flow of River Vardar) so that the links of the North-east and East parts of the Samuil's kingdom with its central regions were pretty hard.

---

39) Сп. В. Златарски, ц. д. 708 сл.; S. Runciman, ц. д. 244; F. Rački, ц. д. 57.

40) I. Scylitzae, 349, 52—350, 55; 353, 39—45. За времето и местото на ликвидирањето на Гаврил Радомир сп. опширен коментар во Виз. изв. III, 109 сл., бел. 101; С. Антолјак, ц. д. 94 сл. (= Сред. Мак. 1, 545—547).